# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
# PROGRAMI PËR PUNË
# ANNUAL PLAN OF ACTION
# 2015



70
1945-2015
чекориме заедно / hapërojm sëbashku / walking together

**Црвен крст на Република Македонија**
**Kryqi i kuq i Republikës së Maqedonisë**
**Macedonian Red Cross**

ЈУБИЛЕЈ - 70 ГОДИНИ ЦРВЕН КРСТ НА РМ – ПОЧЕТОК И ЧЕКОРИ КОН РАЗВОЈОТ 4
ДОСТОИНСТВЕНО ИСПРАВЕНИ И ПОДГОТВЕНИ ЗА НОВИ ПРЕДИЗВИЦИ 6
ОРГАНИЗАЦИСКИ СТАНДАРДИ 7
ПАРТНЕРСКА СОРАБОТКА ВО МЕЃУНАРОДНИ РАМКИ 9
АФИРМАЦИЈА И ПРАКТИЧНО ПРОМОВИРАЊЕ НА ХУМАНИТАРНОТО ДЕЈСТВУВАЊЕ 10
ВОЛОНТЕРСКАТА РАБОТА ЗА ОДГОВОР НА ХУМАНИТАРНИТЕ ПОТРЕБИ НА ЗАЕДНИЦАТА 10
ПОТТИКНУВАЊЕ НА ПРОАКТИВНА МЛАДИНА 12
ПРОМОВИРАЊЕ НА ХУМАНИ ВРЕДНОСТИ 13
ПРИДОНЕС ВО НАМАЛУВАЊЕ НА РАНЛИВОСТА НА НАСЕЛЕНИЕТО 14
ДА СЕ ИЗБОРИМЕ СО ЗАЕДНИЧКИ НАПОРИ ВО НАМАЛУВАЊЕТО НА БРОЈОТ НА ЗАБОЛЕНИ ОД ТУБЕРКУЛОЗА! 17
СООЧУВАЈЌИ СЕ СО ПРЕДИЗВИКОТ ВО ОДРЖУВАЊЕ НА НИСКА ПРЕВАЛЕНЦА НА ХИВ/СИДА 18
РЕДУЦИРАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ ПОСЛЕДИЦИ КАКО РЕЗУЛТАТ НА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ 18
ПРВАТА ПОМОШ – ДОСТАПНА ЗА СИТЕ 19
ПОДАРЕНА КРВ – НАЈСКАПОЦЕН ПОДАРОК 21
ОТПОРНОСТ ОД КАТАСТРОФИ НА ЛОКАЛНО НИВО 22
ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СЕМЕЈНИ ВРСКИ 23
ЕФЕКТИВНИ КОМУНИКАЦИСКИ МЕТОДИ ЗА ГРАДЕЊЕ ПОЗИТИВНИ ОДНОСИ 24
ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РМ И ПАРТНЕРСКАТА СОРАБОТКА СО КОРПОРАТИВНИОТ СЕКТОР 25
КАЛЕНДАР НА АКТИВНОСТИ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 27
БУЏЕТ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2015 ГОДИНА 28

# СОДРЖИНА

Црвен крст на Република Македонија
Kryqi i kuq i Republikës së Maqedonisë
Macedonian Red Cross

1945-2015

чекориме заедно / hapërojmë bashkë / walking together

# ЈУБИЛЕЈ - **70 ГОДИНИ ЦРВЕН КРСТ НА РМ** – ПОЧЕТОК И ЧЕКОРИ КОН РАЗВОЈОТ

Ако времето е сведок на случувањата, тогаш децениските интензивни програмски активности на Црвениот крст на Република Македонија се доказ за искажаната силна доверба во принципите и целите на длабоко хуманата мисија на меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина.

Не можеме да говориме за успешна реализација на активности, а да не го спомeнеме програмскиот патоказ и несебична вклученост и помош на институциите и органите во Република Македонија како и на Меѓународниот комитет на Црвен крст и Меѓународната федерација на националните друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина.

Една од особено драгоцените придобивки во равојот се големите ентузијасти - членови и волонтери кои веруваaат во длабоко сензибилната хумана мисија на Црвениот крст, кои нештедејќи го своето време, користејќи ги своите капацитети, спроведуваат активности за поддршка на населението и граѓаните во Република Македонија со промовирање на основните принципи: хуманост; непристрасност; неутралност; независност; доброволност; единство и универзалност.

Воспоставената соработка со локалните и националните медиуми во Република Македонија и новинарскиот ентузијазам, свест и разбирање за длабоко хуманите аспекти на Црвениот крст придонесоа за подигање на свеста на јавноста за работата на Црвениот крст во земјата.

Црвен крст во Република Македонија официјално е формиран веднаш по вителот на Втората светска војна во далечната 1945 година, во време кога човечкиот живот и човечкото достоинство излегоа од големи трауми.

Како што повоената обнова на државата отстапуваше простор на економскиот развој, така и Црвениот крст својата задача ја наоѓаше во помош на граѓаните кои беа во невоља и имаа потреба од подадена рака. Во помагањето на заедниците зафатени од природни катастрофи, честопати првата помош доаѓаше токму под амблемот на Црвениот крст.

Црвениот крст на Македонија е формиран на 17 март 1945 година кога се одржало и Основачко собрание. Се осамостои во 1992 година по осамостојувањето на Република Македонија. Во 1993 година Владата на Република Македонија ги потпиша Женевските конвенции од 12 август 1949 година и Дополнителните протоколи од 1977 година, а на 26 јули 1994 година Собранието го изгласа Законот за Црвениот крст на Република Македонија. Со исполнување на условите



1945-2015

чекориме заедно / hapërojm sëbashku / walking together









за признавање и членство во Меѓународното движење, Црвениот крст на Република Македонија е признат од Меѓународниот комитет на Црвениот крст како посебно национално друштво  и примен како 169-та членка на Меѓународната федерација на националните друштва на Црвениот крст и Црвената полумесечина на Генералното собрание во Женева на 27 ноември 1995 година.

Долгиот пат на развој е проткаен со донесување на значајни одлуки, заклучоци, програми, стратегии, политики и реализација на  проекти  преку редовни и вонредни  активности со постојано докажување пред домашната и меѓународна јавност за она што денес претставува Организацијата на Црвениот крст исправена гордо пред своите волонтери.

Тука е и соработката со корпоративниот сектор и донатори за споделување на ресурси и поддршка на одредени активности  а јавното промовирање на донаторите и спонзорите бара и јавна отчетност за нашата работа.

Работењето се одвива координирано со другите кои се залагаат кон утврдени стандарди и добри практики преку: практично промовирање на основните принципи на Движењето и хуманите вредности и принципите на Меѓународното хуманитарно право, во насока на убедување на јавноста и власта за хуманитарната мисија; подигнување на свеста и знаењето за хуманитарната надлежност особено кон потребите на ранливите групи; развивање на  методологија за хуманитарната дипломатија во насока на ефикасно партнерство, дијалог и доверба; иницирање на акциони чекори за прилагодување на домицилната правна регулатива за потребите на Црвениот крст; хармонизација на националното законодавство со меѓународното хуманитарно право.

Заради остварување на подолгорочните стратешки цели и современи потреби, како  и потврдување на сопствениот субјективитет  внатре во државата и на меѓународно ниво, во Црвениот крст на РМ  постојано се преземаат интензивни оперативни структурални и формално правни активности.

Брендот или заштитниот знак - Црвен крст на Република Македонија (ЦКРМ) го означува коренот на хуманоста и вредносниот систем за помош на оние на кои им е најпотребна, ја дава историската и функционалната врска со Меѓународното движење на Црвен крст и Црвена полумесечина, го истакнува јавниот легитимитет и кредибилитет, ја обезбедува комуникацијата со јавноста и особено ранливата јавност и врши заштита на дигнитетот при активностите во рамки на прокламираната хумана мисија и визија.

Најважната награда што ја добива оваа организација е секојдневната благодарност на илјадници луѓе кои ја добиваат потребната помош преку Црвениот крст. Одбележувањето на овие јубилејни настани достојни за почит е поттик и предизвик на Организацијата за понатамошни развојни чекори.







# ДОСТОИНСТВЕНО ИСПРАВЕНИ И ПОДГОТВЕНИ ЗА НОВИ ПРЕДИЗВИЦИ

Силата на нашата организација која е прво сертифицирано национално друштво во Движењето е што сме големи иако сме мали, што постојано сакаме да се докажуваме и покрај тоа што делуваме во мала земја со ограничени економски можности, што сакаме и можеме и покрај тоа што имаме ограничени капацитети, што знаеме и умееме да одговориме на предизвиците кога другите тоа не го можат, или не го сакаат, што сме скромни и не велиме дека знаеме се, но она што го работиме - го работиме добро и професионално и е почитувано од нашите партнери.

Голема привилегија е да се биде дел од Црвениот крст. Да се биде со волонтерите кои се центарот на нештата, со граѓаните, со луѓето кои ја обезбедуваат есенцијалната поддршка за ранливото население. Волонтерството е важно средство за социјална инклузија и претставува важен пат кон градење на општествениот капитал во заедниците. Истовремено преку волонтирањето им помагаме на ранливите категории на население. Заради тоа постојано се трудиме да ги инспирираме луѓето за вредностите на волонтирањето и ангажманот во Црвениот крст. Токму затоа се чувствуваме големи како организација. Иако сме мали, не има многу, не има секаде и не има секогаш. Тука сме први да помогнеме.

Во годината кога одбележуваме два јубилеја (70 години од формирањето на Црвениот крст на Република Македонија и 20 години од меѓународното признавање и приемот во Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина) наша перманентна заложба останува да мобилизираме ефикасна поддршка за справување со различни хуманитарни предизвици и заштита на здравјето и животот на граѓаните на Република Македонија и обезбедување на поддршка за ранливи категории на население.

Се сеќаваме на годините зад нас. На илјадниците волонтери и вработени кои оставиле траги преку своите дела во нашата организација. Се сеќаваме и ги одбележуваме нашите постигнувања и дела за унапредување на добросостојбата на граѓаните на Република Македонија и пошироко. Истовремено стоиме исправени и подготвени да се справиме со новите предизвици. А предизвиците се секогаш потстрек и мотивација за напорна работа и градење на модерна организација со цел да бидеме поуспешни, подобри, во интерес на обезбедување на квалитетни навремени услуги за поддршка и помош за лица кои се нашле во незавидна состојба како резултат на елементарна несреќа, сиромаштија, хендикеп, губење на својот имот како резултат на катастрофа, лица раздвоени од семејството, лица изложени на најразлични здравствени и социјални ризици и други категории на корисници на наши услуги. А Црвениот крст е секогаш тука да им подаде рака и помош на сите нив. На Црвениот крст секогаш може да се потпрете!

д-р Милчо Трајков
Претседател

д-р Саит Саити
Генерален Секретар

# ОРГАНИЗАЦИСКИ СТАНДАРДИ

Црвениот крст на Република Македонија е организација која постојано вложува во унапредувањето и надградбата на организациските капацитети на националното друштво на локално и национално ниво. Нашите активности се насочени кон задоволување на хуманитарните потреби и справување со најразлични предизвици, но и на подготовка и планирање, поддршка на локалните заедници во надградба на капацитетите, обезбедување можности за ранливото население да го подобри својот живот и напорите за внатрешно реструктуирање на организацијата за постигнување на што поголема ефикасност во работењето. Активностите се спроведуваат преку користење на иновативни алатки за подобрување на перформансите во работењето со цел да се обезбедат сеопфатни услуги за ранливото население.

Добрите практики и остварените резултати на планот на организацискиот развој ни даваат за право да веруваме дека и годинава ќе направиме уште еден позитивен чекор во подобрување на капацитетите на нашите општински организации и дека успешно ќе одговориме на предизвиците со кои се соочуваме во локалните заедници. Примарна заложба ќе ни биде да обезбедуваме квалитетни и навремени хуманитарни услуги за ранливите категории на население преку мобилизирање и организирање на достапните човечки и материјални ресурси.

Во насока на ефикасно исполнување на зацртаните цели, задачи и оперативни активности кои произлегуваат во работата на стручната служба, во текот на 2015 година националното друштво ќе посвети посебно внимание на подобрување на компетенциите и вештините на човечките ресурси во организацијата. Тоа од друга страна ќе овозможи надградба на капацитетите на организацијата, одржливо и ефективно работење со финансиските средства на организацијата и континуиран развој на програмските и проектни активности. Активностите кои ќе се реализираат во делот на организација и развој ќе бидат насочени кон унапредување на целокупните програмски активности на националното друштво во однос на обезбедување поддршка за општинските организации.

**Процена и анализа на работата на националното друштво.** Во 2015 година Црвениот крст ќе ја спроведе четвртата Процена и анализа на работата на националното друштво. Извештајот од процената претставува мониторинг и евалуациска алатка која содржи согледувања, препораки и мерки за понатамошен развој на интегралните организациски единици на националното друштво. Резултатите од процената ќе се користат како основа за преземање активности и иницијативи за надминување на детектираните предизвици и подобрување на перформанските во работењето како што се спроведување на потребни обуки за подобрување на капацитетите на човечките ресурси, организирање на структуирани работилници и мониторинг посети и изработка на соодветни алатки за развој на општинските организации на Црвен крст.

**Градење оперативни сојузи и партнерства.** Црвениот крст на Република Македонија ќе ги продолжи напорите за воспоставување нови партнерства со национални друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина, меѓународни организации, државни институции и корпорации во насока на обезбедување програмска и проектна поддршка за националното друштво. Во текот на годината ќе биде организиран партнерски состанок на кој ќе бидат презентирани проектни иницијативи на националното друштво пред партнерските организации.



**Привлекување и задржување на волонтери.** Нашата работа е заснована врз поддршката на волонтерите. Волонтерството претставува суштинска

нишка во градењето на сигурни и отпорни заедници. Еден од најсигурните начини на креирање или зајакнување на припадноста кон заедниците е да им овозможиме на луѓето да учествуваат во активности кои ги зајакнуваат заедниците а волонтерската работа е одличен начин да се вклучи поединецот во животот на заедницата. Наша цел е да ги зближиме луѓето со различна етничка припадност, култури и религии и да го промовираме сочувството и пријателството и почитувањето на различностите на луѓето. Токму затоа се залагаме за внатрешни промени и развој на вештини за промовирање на хармонија и позитивни ставови и вредности во заедниците. Наш континуиран предизвик останува привлекување и задржување на соодветен волонтерски потенцијал кој ќе овозможи соодветно вклучување на локалните заедници во процесите за позитивен развој и напредок на општеството.

**Едукација и обука на вработените и волонтерите на Црвениот крст на Република Македонија.** Националното друштво ќе продолжи со спроведување на обуки за човечките ресурси преку проектите и редовните програми на националното друштво. Во текот на годината ќе бидат обезбедени обуки за надградба на капацитети на раководната и управна структура на организацијата на национално и локално ниво. Планирано е спроведување на обуки за процес на планирање проекти и програми, мониторинг и евалуацијабидат спроведени обуки Ќе биде спроведувана ориентациска обука за новоизбрани раководни и управни човечки ресурси на Црвениот крст на Република Македонија.

**Работни средби со секретари и претседатели на ООЦК.** Во текот на годината ќе се реализираат 2-3 редовни работни координативни средби и обуки на националното друштво наменети за подобрување на капацитетите на секретарите и претседателите на ООЦК. Постојана заложба останува подобрување на вештините и капацитетите на службата и привлекување и задржување на соодветен раководен потенцијал кој ќе овозможи анимирање на интересот на сите хумани луѓе да учествуваат во спроведувањето на секојдневните активностите на организацијата како волонтери, подржувачи или наши партнери во локалните заедници со што ќе дадеме заеднички продонес за позитивен развој и напредок на општеството.

**Имплементација на мерки за унапредување на состојбите во општинските организации на Црвен крст.** Националното друштво во континуитет ќе презема активности за унапредување на состојбите во општинските организации каде постојат потреби за спроведување на континуирани активности за надградба на капацитетите на општинските организации. Целта ќе биде да се оствари суштинска надградба на капацитете на човечките ресурси и подобрување на материјално - техничките капацитети на организацијата со цел да се обезбеди навремена и брза интервенција во случај на итни состојби и за социјални, здравствено - превентивни и едукативни активности за подигање на свеста на јавноста за опасности од различни заразни болести и други итни хуманитарни предизвици во насока на заштита на здравјето и животот на граѓаните на Република Македонија и обезбедување на хуманитарна поддршка за ранливи категории на население.



# ПАРТНЕРСКА СОРАБОТКА ВО МЕЃУНАРОДНИ РАМКИ

Мандатот и хуманитарната улога на Црвениот крст на Република Македонија ни наложуваат постојано да тежнееме да градиме мостови помеѓу различните култури, народи, општествени класи и поединци. Во услови кога во општественото опкружување сме соочени со најразлични локални и глобални предизвици, од суштинско значење за нашата организација е да обезбедиме континуитет во воспоставување и одржување на стратешки партнерства со компонентите на Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина и меѓународни организации, со цел да се овозможи потпомагање на добросостојбата на луѓето со потреби и маргинализираните групи.

Нашиот успех во голема мера зависи од нашата желба и способности да работиме во хармонија со нашите партнери по пат на негување на добри партнерски односи и меѓусебно почитување на суштинските вредности и улоги. Овие институционални заложби ги преточуваме во практични акции преку ефикасно мобилизирање на хуманитарна поддршка од меѓународни партнери и локални партнери во државата.

Нашите примарни заложби и стремежи ќе ги реализираме преку програмски и проектни активности со нашите партнери како што се Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина и Меѓународниот Комитет на Црвен крст, националните друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина, агенциите на Обединетите Нации, Европската Унија и други меѓународни организации. Црвениот крст на Република Македонија како прво сертифицирано силно национално друштво во Движењето ќе обезбедува придонес во сефкупниот развој развој на Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина преку споделување на свои позитивни искуства, практики и постигнувања со партнерите во Движењето.

И годинава посебен акцент ќе биде ставен на унапредување на билатералната соработка на Црвениот крст на Република Македонија на национално и локално ниво со национални друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина со цел да се обезбеди редовна размена на искуства, информативен материјал и стручна помош во насока на подобрување на квалитетот на услуги на ранливото население.

Добрите резултати во работата и довербата која е стекната пред партнерските организации овозможуваат Црвениот крст на Република Македонија и во 2015 година да имплементира проекти и програми финансирани од меѓународни донатори наменети за надградба на капацитети и за покривање на потреби на ранливи категории на население во Република Македонија. Програмите и проектите кои ќе се имплементираат со меѓународна поддршка во 2015 година се интегрален дел на презентираните програмски дејности во овој документ.



# АФИРМАЦИЈА И ПРАКТИЧНО ПРОМОВИРАЊЕ НА ХУМАНИТАРНОТО ДЕЈСТВУВАЊЕ



Дисеминацијата претставува составен елемент на сите програми, проекти и структурални целини на Движењето на Црвен крст и Црвена полумесечина која функционира и дејствува како посебна програма со огромно значење за националното друштво. Програмските активности во областа на дисеминацијата се во корелација со Стратешкиот план 2011-2015 кои се потпираат врз приоритетите на Стратешкиот план на ЦКРМ 2020.

Црвениот крст на Република Македонија во оваа област работи на подигање на свеста на населението и чинителите во државата преку сопствената мрежа на ООЦК, волонтери и специјализирани дисеминатори кои организираат работилници, сесии, семинари во сите области на хуманитарното дејствување.

Во 2015 година ќе се работи кон унапредување на механизмите за евалуација на работата на дисеминаторите, имплементација на механизми за користење на дисеминацијата како алатка за социјална инклузија, имплементација на механизми за мотивација на веќе обучените дисеминатори, подготовка на официјална проценка на капацитетите на Националното друштво.

Исто така во делот на МХП ќе се изработи план за акција за промовирање на петте подготвени прирачници за МХП, дисеминациски активности за промовирање на мирот и ненасилството. Преку волонтерскиот сервис, зајакнувањето на отпорноста во заедниците, интергенерациски дијалог и инклузивниот пристап се очекува да се влијае кон промена на навиките кон пристапот во хуманитарната акција и кон стимулирање на практична примена на основните принципи на Движењето во заедницата.

# ВОЛОНТЕРСКАТА РАБОТА ЗА ОДГОВОР НА ХУМАНИТАРНИТЕ ПОТРЕБИ НА ЗАЕДНИЦАТА

И покрај глобалниот развој во светот на планот на технологијата, економијата, социјалната вклученост, политиката итн., сеуште е присутна потребата од дејствување за одговор на основните хуманитарни потреби на населението. Како најефикасни актери во ова поле на многу наврати е докажана волонтерската работа и развојот на волонтерските форми за дејствување.

Волонтерите и волонтерството во секоја држава претставуваат огромен човечки потенцијал кој континуирано се мобилизира согласно потребите и поседува релевантно знаење и вештини корисни за заедницата. Вредноста кои волонтерите ја создаваат и вградуваат во своите активности е „бесценета“, бидејќи поседува особен квалитет кој е збогатен со хуманата димензија на добрата волја.

Волонтерството се заснова на принципот на доброволност, дејствување во корист на други лица без финансиски надомест. Тоа како начин на дејствување има општествена и индивидуална полза. Исто така волонтерството помага при градењето кохезивни (сплотени/тесно поврзани) заедници, при што се создава поголема доверба меѓу граѓаните и развива норми на солидарност и реципроцитет, кои се неопходни за една стабилна заедница. Од друга страна, пак, преку волонтирање, по завршување на образованието на една индивидуа и се отвора можност за запознавање нови луѓе,





интензивна комуникација и создавање на активен пристап кон животот. Волонтерството како модел на функционирање во рамки на општеството создава национална солидарност и во време на неповолни услови каде попросперитетните групи најчесто се жртвуваат за доброто на оние кои имаат потреба.

Еден од најсигурните начини на креирање или воспоставување припадност кон заедниците е да се овозможи на луѓето да учествуваат во активности кои ги зајакнуваат, а волонтерската работа е одличен начин поединецот активно да се вклучи во нејзината надградба.

Волонтерите се важни за националното друштво од повеќе аспекти. Повеќето луѓе сметаат дека волонтерите се ефтина алтернатива на вработените лица, но волонтерите нудат поголема вредност, квалитет и можности отколку вработените лица. На волонтерите не треба да се гледа како на алтернатива за вработените лица, ниту пак на вработените не треба да се гледа како алтернатива на волонтерите. Тие се комплементарни: едните ја зголемуваат вредноста и моќта на другите.

Волонтирањето се случува на локално ниво. Еден од начините подобро да се објасни и разбере националното друштво е да се каже дека тоа е организација која овозможува волонтирање во заедницата. Со цел националното друштво да може ефективно да ја мобилизира заедницата, тоа мора да одговори на очигледните потреби кои се таму присутни. Ова мора да се направи преку силни и кадровски добро подготвени локални структури на националното друштво.

Волонтерството се базира на заедниците. Заедниците се менуваат и еволуираат со време, а со тоа и волонтирањето. Националните друштва постојано следат и истражуваат прашања поврзани со волонтерството за да се обезбеди дека работата на националното друштво го рефлектира развојот во општеството.

Сите луѓе може да бидат добри волонтери. Да се има луѓе на различна возраст, етничка група, верска припадност итн., е позитивна предност за организацијата на Црвен крст и Црвена полумесечина. Тоа ја потенцира пораката дека националното друштво е непристрасна и неутрална организација, и дека не прави дискриминација против никого заради било каква причина.

# ПОТТИКНУВАЊЕ НА ПРОАКТИВНА МЛАДИНА

2015 година претставува период кога Младите на Црвениот крст ќе ја зацврстат својата улога како двигатели на активностите на терен на националното друштво, иницијатори на нови идеи и лидери во своите средини на дејствување. Со својот проактивен пристап и подготвеноста за соочување со нови предизвици тие ќе бидат значаен дел на националното друштво во оправдување на стекнатиот епитет „силно“ национално друштво подготвено да одговори на хуманитарните предизвици на локалното население.

Во младите на Црвениот крст се препознава лидерската улога во справувањето со современите прашања. Со сите овие карактеристики младите на Црвениот крст со право се вклучени во сите активности на Националното друштво, соодветно релевантните и специфичните за возраста потребни вештини и искуство.

Волонтерите во Црвениот крст се соочуваат со современите предизвици со кои се соочува секое општество, а во тоа спаѓаат: сиромаштијата, насилството, експлотацијата, дискриминацијата, злоупотребата на супстанци, несреќи и болести, невработеноста, трговијата со луѓе, миграциите и урбанизацијата. Сето ова допринесува волонтерите на Црвениот крст да претставуваат движечката сила на ова Национално друштво, изворот на инспирација и одговорност во општеството. Тие се вклучени во високо мотивирачки и влијателни активности кои придонесуваат во градењето на ова силно Национално друштво.



Во 2015 година клубовите на млади ќе ги зајакнат своите капацитети за активно работење на локално и национално ниво. Во летниот период ќе се организираат традиционалните летни младински кампови за младите лидери каде акцент ќе се стави на ефективно раководење на клубовите и градење на партнерства со сродни организации кои работат со млади.

Имајќи ги во предвид разноликоста на програмите кои младите ги имплементираат во своите клубови на млади, 2015 година ќе биде година во која ќе се настојува да се изедначи пристапот и методологијата на дејствување на младите кон целните групи. Унифицирањето на пристапот во превентивните активности како што се врсничките едукации, ќе допринесе за подобрување на квалитетот на дејствување и зајакнувањето на имиџот на организацијата како на локално така и на национално ниво. Програмите за врсничка едукација за сексуално и репродуктивно здравје, превенција од трговија со луѓе, доброволно крводарување, организирање на натпревари по прва помош, иницирањето на основање на тимови за одговор при катастрофи, се само дел од програмите кои ќе се имплементираат во текот на 2015 година.

Како активна членка на Националниот младински совет на Република Македонија, но и како организација која во стратешките определби се залага за ширење на партнерства и вмрежување со организации кои работат за добробит на заедниците, младите ќе настојуваат да градат релации за заеднички иницијативи за повеќе и поквалитетни услуги кои тие можат да ги дадат на ранливите групи на население.

Активности кои ќе ја одбележат годината: промовирање на регионално поврзување на клубовите на млади и граѓанските здруженија кои работат со младите; организирање на летни кампови за зајакнување на капацитетите на младите лидери; унифицирање на пристапот во спроведување на врсничките едукации кај младите во спроведување на програмите за превенција на Црвениот крст на Република Македонија.

Програмата Црвен крст во акција – промоција на хумани вредности и понатаму останува водечка алатка за регрутирање и мотивација на младите волонтери и нејзината промоција и имплементација претставува еден од врвните приоритети во младинското работење. Со својот нов модел адаптиран на актуелните состојби во општинските организации и околината, програмата ќе се спроведе преку сите 34 општински организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје.

# ПРОМОВИРАЊЕ НА ХУМАНИ ВРЕДНОСТИ

Црвен крст во акција-Промоција на хумани вредности (ЦКА-ПХВ програмата) продолжува со привлекување на млади волонтери, нивна едукација и поттикнување на хуманитарна акција на терен за помош на ранливото население на национално ниво. Во 2015 година преку програмата ќе се обучаат 45 дисеминатори кои директно ќе поддржаат 1200 младинци на возраст од 14 до 18 години во едукацијата и во реализацијата на малите проекти. За младинците е предвидена унифицирана обука за вредностите на Црвениот крст, за потребите на целните групи и можности за реализација на малите проекти.

Од ова година циклусот ќе го прати календарскиот циклус и ќе започнува од јануари, а ќе трае до декември. Во период од 3 месеци по здобиената обука, младинците ќе изработуваат мали проекти на тема "Препознавање на различностите". Преку темата на младите им се дава можност да работат едни за други, за старите лица, за лицата кои се од различни етнички припадности, за лицата со посебни потреби, за маргинализирани групи, за социјално загрозени лица, и да направт промени во нивните животи. Превајќи ги овие промени младите се менуваат самите себе. Ги зајакнуваат сопствените капацитети во делот на презентирањете, во релациите со медиумите, односите со донаторите, односот и грижата за заедницата, се стекнуваат со самодоверба и конкретни искуства кои ќе им користат во понатамошното волонтирање. Бројката на очекувани проекти за ова година изнесува 150 мали проекти, преку кои директна помош и поддршка би добиле 3000 лица.

Младинците кои ќе изработаат најдобри проекти, проекти со најголем број на волонтерски часови, ќе учествуваат на финалните работилници , каде меѓусебно ќе се запознаат и каде добиваат продлабочени знаења за културата како ситем од вредности и насоки за одбележување на ПХВ неделата. Истата се одбележува од 21-27 септември и ги вклучува сите младинци од клубот на млади од една Општинска оргнизација. Неделите се одбележуваат унифицирано на ниво на целата држава и на тој начин помоќно се пренесува пораката за мирот и толеранцијата согласно Стратегијата 2020.



# ПРИДОНЕС ВО НАМАЛУВАЊЕ НА РАНЛИВОСТА НА НАСЕЛЕНИЕТО

Следејќи ги актуелните промени во општеството и во зависност од потребите на ранливите целни групи, Црвениот крст на Република Македонија во рамките на социјално – хуманитарната дејност ги дефинира своите правци на дејствување, утврдува нови и ги развива постојните форми и методи за работа. Црвениот крст на РМ преку своето дејствување се вклучува и придонесува во намалување на ранливоста, како и на социјалната исклученост на населението. За остварување на социјално – хуманитарните активности Црвениот крст освен со владините институции, ќе развива оперативни сојузи со граѓанскиот сектор, како и со бизнис секторот во Македонија.

Во имплементација на програмските и проектни активности ќе се применува партиципативниот пристап со непосредна активна инволвираност на ранливите целни групи население со цел да се придонесе широк спектар на можни одговори на утврдените предизвици во заедниците. Обезбедување на соодветна и квалитетна услуга на корисниците, зајакнувањето на материјалните капацитети, како и надградбата на човечките ресурси, ќе претставуваат приоритетни социјално – хуманитарни активности во 2015 година.

Традиционалните социјално – хуманитарни активности имаат за цел подигање на јавната свест за придонес во решавање на прашања од социјалната сфера. Овие активности ќе се спроведуваат преку кампањи, акции, едукативни и креативни работилници и др. во соработка и поддршка на владините институции, граѓанскиот и корпоративен сектор. За успешна имплементација на традиционалните активности ќе се врши координација, следење и поддршка на општинските организации на Црвениот крст. Ќе се подготват насоки за спроведување на активностите на локално ниво, како и ќе се изработат промотивни материјали (постери, флаери, спот, и сл.).

**Грижа и поддршка на старите лица.** Црвениот крст на РМ со поддршка на ЕВН Македонија, како и поддршка на Австрискиот Црвен крст и компанијата UNIQA од Австрија во континуитет ќе ги продолжи и развие проектните активности за грижа на старите лица во домашни услови. Преку испорака на соодветни услуги од страна на волонтери на Црвен крст и медицински сестри ангажирани преку Црвен крст на град Скопје и општинските организации на Црвен крст Велес, Крива Паланка, Кичево, Дебар и Струга ќе се обезбеди поддршка во задоволување на приоритетни потреби на осамени и изнемоштени стари лица во домашни услови кои се соочени со одредени социјални ризици. Отворање на дневни центри и клубови на стари лица претставуваат организирана форма за поддршка на старите лица која ќе се развива во националото друштво во соработка и поддршка на владините институции и корпоративниот сектор.

Црвениот крст на РМ и во 2015 година продолжува со имплементација на **Проектот Грижа на старите лица во заедниците,** финансиски поддржан од Европска Унија, со партнерска поддршка на Австрискиот Црвен крст. Проектот се имплементира преку општинските организации на Црвен крст Прилеп, Кичево и Гостивар. Целта е преку јакнење на капацитетите на општинските организации на Црвен крст и 11 граѓански здруженија вклучени во



проектот да се спроведат заеднички иницијативи за обезбедување на социјални сервиси за старите лица. Во рамките на проектот ќе се спроведат кампањи за мобилизирање на ресурси, за одржлив развој на проектните активности на локално ниво.

**Подобрување на социјализација на деца и млади со посебни потреби и психо-социјална поддршка на деца во згрижувачки семејства.** Подобрување на социјализација на децата и младите со посебни потреби е континуирана активност која се имплементира во соработка со Заводот за социјални дејности преку Црвениот крст на град Скопје и општинските организации на Црвен крст Велес, Прилеп, Кавадарци, Делчево, Дебар, Кичево и Гостивар. Проектните активности почнувајќи од 2011 година се поддржани од Комерцијална банка. Со проектните активности се обезбедува и психо – социјална поддршка на децата во згрижувачки семејства во Скопје, Велес и Прилеп. Интенција на Црвениот крст на РМ овие активности да се проширувaат и развиваат и во други општини во земјата каде има отворено дневни центри за деца со посебни потреби.

Со поддршка на Алајанс Уан Македонија ќе се отвори **Клуб на лица со телесна инвалидност** кој ќе се имплементира преку општинската организација на Црвен крст Виница. Целта на проектните активности е подобрување на квалитетот на животот на лицата со телесна инвалидност.

**Заеднички развој на заедниците – ЗРЗ.** Со поддршка на ЕВН Македонија проектните активности ќе продолжат да се имплементираат преку Црвен крст на град Скопје во ранлива ромска заедница. Овој проект нуди метод за работа преку кој се обезбедува поддршка и се зајакнуваат капацитетите на ранливите целни групи за подобра социјална интеграција во заедницата. Истиот придонесува подобро да се разбере ранливоста, помага да се идентификуваат локалните капацитети, како и претставува можност да се изгради партнерство со граѓанските здруженија, владините институции, претпријатијата и ранливото население во заедниците. ЗРЗ како алатка за работа се применува преку општинските организации на Црвениот крст, која во текот на годината се предвидува да се развие во останати општински организации на Црвен крст во земјата.

**Борба против трговија со луѓе.** Црвениот крст на РМ како член на Секретаријатот на Националната Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, преку имплементација на превентивни активности дава активен придонес во борбата против овој глобален проблем што се рефлектира и во Македонија. Во текот на годината ќе се имплементираат едукативни работилници за врсничка едукација на волонтери од општинските организации на Црвениот крст кои во своите средини ќе ги пренесат знаењата на нивни врсници преку организирани едукативни превентивни лекции во основни и средни училишта.

Црвениот крст активно ќе се вклучи и во **одбележување на Европскиот ден и Неделата на борба против трговија со луѓе** кои се координирани од страна на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција на РМ. Превентивните активности се насочени кон подигање на свеста на младата популација за препознавање на начините преку кои младите можат да бидат вовлечени во трговијата со луѓе и нивна самозаштита.

**Унапредување на условите и можности за вработување на лица во социјален ризик кои се долгорочно невработени.** Проектот ја поддржува социјалната интеграција на ранливите целни групи на пазарот на трудот, преку олеснување на процесот за нивно вработување. Заради зголемување на способноста за вработување кај невработените лица, проектот предвидува стручна обука за разни занаети на невработени социјално исклучени лица односно лица кои се долгорочно невработени во три општини во Скопје.

Овој проект идентификува потреба од обезбедување на психо – социјална поддршка на лицата во социјален ризик за јакнење на капацитетите за личен раст и развој, како и потреба од влијание за подигање на свеста за нивна активна вклучесност во носењето одлуки за задоволување на приоритетните потреби. Партнер на проектот е Занаетчиската комора на Скопје за кој се очекува можност за поддршка од претпристапните ЕУ фондови.

**Воспоставување на пунктови за ефективно прибирање, дистрибуирање и менаџирање на употреблива облека.** Црвениот крст на РМ со цел поефективно обезбедување на донирана помош од граѓаните, воведе нова форма за прибирање на употреблива облека преку поставување на контејнери на јавни локации, каде граѓаните можат да ја донираат облеката во секое време погодно за нив. Со поддршка на Алфа банка поставени се 6 контејнери, а во рамките на оваа активност отворен е и пункт за облека во Скопје. Истиот се предвидува да профункционира како продавница за употреблива облека која ќе биде достапна за ранливото население со цел да се запази нивниот интегритет, како и да се зачува достоинството на лицата кои се соочуваат со одредени социјални ризици. Со поддршка на банката во наредниот период се предвидува да се прошират и развиваат овие активности.


ADVERTISE

# ЧЕКОР КОН ЗДРАВО ЖИВЕЕЊЕ

Стареењето на населението, незаразните болести, СИДА-та, ограничените ресурси, брзата урбанизација, загадување на животната средина, климатските промени и сиромаштијата се само некои од проблемите со кои се соочува населението во 21-от век.

Целта на здравствено превентивната програма на Црвениот крст на Р.Македонија е да го подобри здравствениот статус на вулнерабилните групи на население, преку намалување на заболувањата и смртноста кои произлегуваат од болестите и јавно здравствени приоритети.

Здравствено превентивната програма е дизајнирана за да ги адресира здравствените приоритети на највулнерабилните групи на население преку сензибилизација, мобилизација и здравствена едукација за превенција и контрола на различни заболувања. Истата е насочена кон зајакнување на капацитетите на вулнерабилните групи на население и нивна подршка во идентификација на здравствените потреби, приоритети и изнаоѓање на соодветни решенија. Преку градењето на здрави, отпорни заедници Црвениот крст на Р.Македонија се обидува да го даде својот допринос во однос на достигнувањето на зацртаните Милениумски развојни цели.

# ДА СЕ ИЗБОРИМЕ СО ЗАЕДНИЧКИ НАПОРИ ВО НАМАЛУВАЊЕТО НА БРОЈОТ НА ЗАБОЛЕНИ ОД ТУБЕРКУЛОЗА!

**Изработка на локални оперативни и стратешки планови за контрола на туберкулозата.**

Преку оваа проектна активност Црвениот крст на РМ се залага за подобрување на локалните јавно-здравствени политики - локални акциони планови за борба против туберкулозата и истата ќе се реализира со поддршка на Министерството за здравство и Глобалниот Фонд за борба против ХИВ/СИДА, туберкулоза и маларија. Користејќи ја методологијата на програмата за заеднички развој на заедниците овој проект има за цел преку заеднички, комплементарни напори со претставници од различни институции во рамките на секоја општина да го фацилитира процесот на изработка на локални акциони планови кои ќе допринесат за подобрување на контролата со туберкулоза во Р.Македонија на локално ниво.



# СООЧУВАЈЌИ СЕ СО ПРЕДИЗВИКОТ ВО ОДРЖУВАЊЕ НА НИСКА ПРЕВАЛЕНЦА НА ХИВ/СИДА

**Одржување на ниска преваленца на ХИВ во Р.Македонија – проект за намалување на штети од употреба на дрога.**

Употребата на дроги е јавно здравствен проблем кој е тесно поврзан со појава на ХИВ, хепатит, туберкулоза, самоубиства, смртност од предозираност и кардиоваскуларни заболувања. Намалувањето на штети од употреба на дроги се однесува на базирани на доказ јавно здравствени политики и практики кои имаат за цел да ги редуцираат негативните последици од употребата на дроги и други ризик фактори како ХИВ и СИДА. Овие интервенции служат за пример за почитување на човековите права во практика онаму каде што е потребно намалувајќи ја дискриминацијата и стигмата и нивната вулнерабилност.

Проектните активности успешно продолжуваат да се имплементираат во трите општински организации на Црвениот крст: Прилеп, Кичево и Велес, со финансиска подршка од Глобалниот Фонд за борба против ХИВ/СИДА, туберкулоза и маларија. Целта на проектот е намалување на здравствените, социјалните и економски штети поврзани со употребата на психоактивни супстанции. Овој проект им овозможува на корисниците на дрога, размена на стерилна опрема за инјектирање, информирање и советување за ХИВ/СИДА, хепатитис Б и Ц, дистрибуција на кондоми за превенција на сексуално преносливи инфекции, основни медицински услуги, правно советување и олеснување на пристапот во реализирање на нивните здравствени и социјални права.

# РЕДУЦИРАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ ПОСЛЕДИЦИ КАКО РЕЗУЛТАТ НА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

Препознавајќи ја приоритетната потреба за заштита на здравјето на населението како резултат на директните и индиректни последици од климатските промени, Црвениот крст на Р.Македонија во соработка со владините и невладини институции продолжува со превземање на соодветни активности кои се насочени кон јакнење на јавната свест и здравствена промоција за превземање на поголема одговорност за грижата кон своето здравје.

**Превенирање на здравствени последици како резултат на топлотни бранови.** Црвениот крст на Република Македонија согласно и акциониот план за топлотни бранови продолжува со спроведување на активностите насочени кон заштита на здравјето на населението од топлотните бранови, како и подигнување на јавната свест за можните последици од истите, како и едукација за можните превентивни мерки кој секој поединец може и треба да ги преземе со цел да го заштити своето здравје и здравјето на најблиските.

**Превенирање на здравствени последици како резултат на студени бранови.** Согласно временските услови во текот на зимскиот период, земајќи ги при тоа во предвид и потребите на населението, Црвениот крст на Република Македонија е подготвен да реагира благовремено со преземање на најразлични активности за заштита на здравјето на населението од последиците кои можат да се јават како резултат на изложеност на екстремно ниските надворешни температури ставајќи акцент на највулнерабилните групи на население, како бездомници, социјално сиромашни семејства, стари лица, деца итн.

Здравствено превентивните активности кои Црвениот крст на Република Македонија ќе ги реализира во текот на 2015 година ќе бидат потпомогнати со стручна и техничка поддршка и помош од СЗО – канцеларија Скопје.









# ПРВАТА ПОМОШ – ДОСТАПНА ЗА СИТЕ

Обуката по прва помош е од суштинско значење, пред се за подигнување на јавната свест на населението за спасување на човечки животи и за создавање на услови за поефикасен одговор кон итни состојби и природни катастрофи. Првата помош подразбира итно дејствување, со помош на техники и вештини кои го заштитуваат и спасуваат човечкиот живот, додека лицето не се стабилизира или добие професионална медицинска помош.

Првата помош треба да биде достапна за сите. Нашата цел е барем едно лице во секое семејство да има можност да ги научи вештините за укажување на прва помош, без разлика на неговиот социо - економски статус или други потенцијални дискриминирачки фактори. Ќе се спроведат голем број активности кои ќе бидат насочени кон промовирање на првата помош во сите сегменти од живеењето со акцент за значењето на првата помош во сообраќајот и на работното место.

Посветеноста на Црвениот крст на Република Македонија кон првата помош е со цел да се спаси човечки живот, намалување на страдањето, превенирање на инвалидитетот и подобрување на квалитетот на живот.

Едукацијата од областа на првата помош е важен сегмент во промоција на здравствено превентивни активности во случај на сообраќајни несреќи, прва помош во работни организации и за кандидати за возачи, прва помош на лица корисници на алкохол или дрога и за други категории.Услугите и едукацијата од областа на првата помош, мора да се во согласност со нормативните акти кои ја регулираат оваа проблематика, со цел да се обезбедат потребните стандарди во првата помош. Со соодветна обука и ефикасни тренинзи за прва помош, волонтерите на Црвениот крст може да придонесат во зајакнување на отпорноста на поединците и заедниците, во подготвеноста и дејствувањето во секојдневниот живот и во случај на катастрофи.

Приоритетните заложби во сферата на првата помош Црвениот крст на Република Македонија ќе ги оствари преку: спроведување на курсеви по прва помош за кандидати за возачи, курсеви по прва помош за работни организации, курсеви по прва помош за различни целни групи (стари лица, беби-ситерки, подмладок, државни институции итн.), курсеви за нови лиценцирани едукатори и демонстратори по прва помош, освежителни курсеви по прва помош за веќе лиценцирани едукатори и демонстратори по прва помош, курсеви за шминкери и манекени за

реалистично прикажување на повреди, курсеви за лиценцирани судии за општински и државен натпревар по прва помош, организирање општински и државен натпревар по прва помош, обуки за немедицински лица за ракување со автоматски надворешен дефибрилатор, учество во симулациски вежби со реалистично прикажување на повреди во соработка со други владини институции, имплементација на проекти од областа на првата помош, следење на новините во првата помош на меѓународно и национално ниво, одбележување на Светскиот ден по прва помош, одбележување на Светскиот ден на жртвите од сообраќајни незгоди како и меѓународна соработка со останатите национални друштва на Црвениот крст и Црвената полумесечина во областа на првата помош.

Реализацијата на овие активности треба да придонесе за зголемување на бројот на едуциран кадар за реализација на наставните програми за прва помош, зголемување на кадровските и материјалните ресурси при реализација на активностите од областа на првата помош, воведување на нови наставни содржини за различни целни групи, воведување нови модели на организирање на општински и државни натпревари по прва помош, подигање на свеста на населението за важноста од стекнување на знаења за првата помош, зголемување на бројот на волонтери, обезбедување на поквалитетна помош и услуги за целните групи, зголемување на капацитетот на ранливите групи за укажување на прва помош и зајакнување на партнерскиот придонес во имплементација на програмските активности од областа на првата помош.

Обезбедувањето на квалитетна и научно базирана едукација по прва помош достапна за секого ќе придонесе за градење на сигурни и здрави заедници преку превенирање и редуцирање на ризиците во секојдневните несреќи и катастрофи. Обуката по прва помош е вредна алатка за градење на вистинска култура за превенција од која ќе има бенефит целокупната заедница.






# ПОДАРЕНА КРВ – НАЈСКАПОЦЕН ПОДАРОК

Доброволното крводарителство во Република Македонија има една единствена цел, а таа е да се мотивираат што поголем број на луѓе кои треба доброволно да даруваат крв за да може да се соберат потребните количини на крв и крвни продукти кои се неопходни за лекување на болните и повредените. Крводарителството ги развива особините на хуманост и солидарност и има воспитно значење кај граѓаните, а особено кај младите, придонесува за подигнување на нивото на здравствената култура и јавната свест. Од тие причини мотивирањето на населението за доброволно дарување на крв е исклучително важно за градење позитивен однос кон крводарувањето.

Крвта како лек е сеуште незаменлива и нејзиното добивање исклучиво зависи од добрата волја на луѓето крводарители, кои доброволно, анонимно, бесплатно и солидарно даруваат крв. Црвениот крст на Република Македонија и Институтот за трансфузиона медицина преку мотивација и анимација на доброволното крводарителство преку планска, масовна и континуирана активност ќе ги обезбеди потребните количини на крв и крвни продукти, постојано ќе ја поттикнуваат јавната свеста кај граѓаните за важноста и значењето на крводарителството и ќе вршат правилна и насочена здравствено-едукативна и мотивациска активност.

Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Македонија и Законот за безбедност во снабдувањето со крв, ќе се спроведуваат преку континуирана и постојана соработка со Институтот за трансфузиона медицина во текот на годината, а најголем дел од активностите ќе ги спроведува заедничкиот тим за координација кој работи на планирање и организација на крводарителскити акции, ги следи и координира сите крводарителские акции предвидени со Годишниот интегрален план и дава стручни совети и препораки до општинските организации на Црвен крст и службите за трансфузиона медицина. За успешна реализација на Програмата за крводарителство исто така е значајна и соработката со Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија.

За успешна промоција на доброволното крводарителство, Црвениот крст на Република Македонија континуирано изготвува здравствено - воспитни и пропагандни материјали, јубилејни признанија за крводарителите, спроведува анкети, организира предавања, трибини и кампањи со различни целни групи, организира едукативни семинари и работилници за едукација на мотиватори за доброволно крводарување, спроведува активности согласно Стратегијата за крводарителство за 2010-2015 година и Политиката за крводарителство од 2013 година, води електронска и пишана евиденција за крводарителите и подготвува месечни, периодични и годишни извештаи. Во текот на 2015 година ќе се работи на подготвување на нова Стратегија за крводарителство за период 2016-2020 година.

Црвениот крст на Република Македонија големо внимание посветува на волонтерската работа на клубовите на крводарители со цел да се мобилизираат поголем број на крводарители кои редовно се информираат за сите активности и проблеми со кои се соочуваат во дејноста крводарителство. Популарни се активноститена Клубот 25 на млади и потенцијални крводарители со цел да се зголеми нивниот број, правилно да се регрутираат и задржат во процесот на крводарителство и да создадат мрежа на млади крводарители за вршење на промоција и мотивирање на нови крводарители во образовните институции.

Позитивните искуства од работењето на Дневниот центар за дарување на крв на Градската организација на Црвен крст ќе допринесат за понатамошно успешно функционирање, негово афирмирање, самоиницијативно крводарување, организирање на поголем број промотивни активности и крводарителски акции кои се веќе препознатливи за граѓаните на Скопје и за крводарителите.

Посебно значење во 2015 година ќе биде одбележувањето на Јубилејот 70 години од формирањето на Црвениот крст на Република Македонија, 17 март - Денот на крводарителството во Република Македонија кој ќе се одбележи со промотивни и свечени активности, презентации, доделување на награди и признанија за најуспешните ООЦК кои се успешни во дејноста крводарителство, медиумски настани, 14 јуни - Светскиот ден на крводарителството кој ќе се одбележи со организирани настани, стручни трибини, едукативни семинари, забавни и спортско - рекреативни активности на крводарителите, со активно вклучување на младите од Клубот 25.

Во 2015 година ќе се преземаат сите потребни мерки и активности за организирање на доволен број на редовни и традиционални крводарителски акции со цел да се обезбедат континуирано потребните количини на крв и крвни продукти достапни за сите граѓани на кои им се неопходни со што ќе се придонесе за градење на сигурни и здрави заедници.

# ОТПОРНОСТ ОД КАТАСТРОФИ НА ЛОКАЛНО НИВО

Активностите на Црвениот крст на Република Македонија на планот за подготвеност и дејствување при катастрофи во 2015 година ќе бидат насочени кон подигање на свеста на јавноста за опасностите од катастрофите и обезбедување на поддршка за отстранување на последиците од катастрофи (организирано собирање и дистрибуција на помош во случај на катастрофи, организирање на работата на единицата и тимовите за одговор при катастрофи, учество во меѓународни мисии, едукација на неселението за самозаштита и заштита во случај на катастрофа, соработка со државни органи и НВО во земјата и странство, проценка на загрозеност на територијата на државата, мониторинг на терен, одржување на база на податоци за можни ризици и капацитети, организација на семинари, курсеви, тренинзи и вежби од областа на катастрофите на ниво на РМ, изготвување на планови за дејствување во случај на катастрофи, евакуација и засолнување на ранлива популација).

Посебен приоритетит ќе се стави на континуирано зајакнување на капацитетите на национално и локално ниво преку општинските организации на Црвен крст и Црвениот крст на град Скопје, со одржување основни и напредни обуки за тимовите за одговор во случај на катастрофи на ООЦК и Црвен крст на град Скопје со акцент на процена на ранливост во заедниците и процена на хуманитарни потреби во случај на катастрофи, заштита и самозаштита во случај на катастрофи, евакуација и сместување на ранливо население,.

Во однос на активностите за намалување на ризици од катастрофи ќе се реализираат едукации за заштита и самозаштита на вработените и учениците во основните и средните училишта во два микрорегиона кои ги покриваат ООЦК Гостивар и Радовиш, со завршни практични вежби за евакуација на вработените и учениците во случај на катастрофа.

Активностите за адаптација кон климатските промени ќе бидат насочени на подигнување на свеста кај населението и зајакнување на капацитетите за справување со ризици предизвикани од климатските промени, како и вклучување со експертиза и логистичка поддршка во активностите на државните и невладини организации кои работат на оваа проблематика.

Во однос на изградените партнерски односи со одговорни субјекти за подготвеност и дејствување во случај на катастрофи на државно и локално ниво, вистински предизвик во 2015 година ќе биде практичната симулациска вежба која ќе се организира на државно ниво каде сите тимови ќе имаат шанса да ги подобрат координациските вештини, уиграноста и вежбање на конкретни задачи што би ги извршувале во реална ситуација.





На планот за безбедност на вода Црвениот крст на Р.М, преку стручните центри за безбедност на вода (Охрид и Црвен крст на град Скопје), активностите ќе ги насочи на воспоставување на соработка со концесионерите на капалишта за кои ќе ангажира спасители на вода за работа во летниот период.

Во 2015 година ќе се стави и акцент на новиот систем за безбедност на вода кој ќе се имплементира за време на организирање на курсеви за спасители на отворени и затворени води. За подигање на јавната свест на капачите, Црвениот крст на Македонија ќе подготви едукативни материјали. Во рамките на соработката со високото образовните институции, ќе продолжи соработката со Воената академија "Генерал Михајло Апостолски" на планот на одржување на предавања за засолнување и евакуација, како и активно учество на летниот кампус.







# ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СЕМЕЈНИ ВРСКИ

Воспоставувањето на семејни врски, е општ поим за активностите кои имаат за цел спречување на раздвојувањето и исчезнувањето на одредена личност од своите најблиски и повторното воспоставување на контактите со членовите на семејството. Во овој процес спаѓа и расветлувањето на судбината на лицето кое се води како исчезнато.

Активностите на планот на воспоставување на семејни врски на компонентите на Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина, втемелени се во Женевските Конвенции од 1949 година и Дополнителните Протоколи од 1977 година, во Статутот на Движењето и резолуциите на Меѓународната Конференција на Црвениот крст и Црвената полумесечина и Советот на делегати. Силата на Движењето воглавно почива на неговиот потенцијал да осигура мрежа за *Воспоставување на семејни врски* низ целиот свет.

Различните компоненти на Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина со децении прават исклучителни напори на овој план. Потенцирајќи го искуството и континуитетот на активностите на Службата за барање на Црвениот крст на Република Македонија, присутна е свест и волја за натамошен стратешки пристап и развивање на сопствените капацитети и партнерски односи.

Од сето ова произлегува и потребата за постојана надградба на капацитетите на сите ниво на дејствување на Службата за барање, за да се постигне ефективен и доволен одговор на хуманитарните потреби на населението за воспоставување на семејни врски

Во 2015 година во дејноста Служба за барање ќе се реализираат следните активности : формирање на тим за воспоставување на семејни врски, во рамките на Единицата за одговор при катастрофи на Црвениот крст на РМ и организирање на обука за истиот, во рамките на планот за обуки во случај на катастрофи; организирање на тренинг работилници за освежување на знаењата на обучените волонтери и професионално вработените лица во ООЦК за работа во Службата за барање; присуство на меѓународни состаноци на Службите за барање заради унапредување на програмите во рамките на националните друштва; соработка со Меѓународниот Комитет на Црвен крст; градење на адекватен соодност со Владата и владините институции-министерства за остварувањето на информативните обврски во случај на потреба од воспоставување на семејни врски.

# ЕФЕКТИВНИ КОМУНИКАЦИСКИ МЕТОДИ ЗА ГРАДЕЊЕ ПОЗИТИВНИ ОДНОСИ

Интегрирањето на технолошките достигнувања и можности на информативно комуникациските технологии во работата на нашата организација претставува клучен елемент за суштинска надградба на капацитетите, овозможувајќи побрз проток на информации, зголемена транспарентност и одговорност, како и автоматско обработување на податоците на сите интегрални делови на националното друштво.

Односите со јавноста на националното друштво имаат за цел да унапреди односот помеѓу организацијата и јавноста преку промовирање на приоритетите и целите на Црениот крст насочени кон унапредување на добросостојбата на граѓаните на Република Македонија.

За таа цел Црвениот крст користи различни алатки за информирање и промовирање на работата и активностите на националното друштво. Надворешната комуникација со медиумите и пошироката јавнсот се остварува преку соопштенија и информации кои на редовна основа се доставуваат до електронските и печатените медиуми, како и преку организирани конференции за печат и едукација и дисеминациски работилници за новинарите со кои што соработува Црвениот крст. Обуката за новинари ќе продолжи во насока на дисеминирање на активностите на Црвен крст на РМ до медиумите и обезбедување на медиумска поддршка за нашите активностите. Оваа година ќе бидат опфатени 15 новинари од електронските и пишани медиуми.

Една од суштинските заложби на организацијата е да се бидеме транспаретен, отчетен и одговорен во работењето. Споделувањето на информациите за спроведените и планираните активности се прави преку интернет страницата на Црвен крст на РМ www.redcross.org.mk и социјалните мрежи CrvenKrstNaRepublikaMakedonija кои постојано ќе се надградуваат со разновидни информации, наменети за различни категории на посетители.

Неделните изданија на електронскиот весник на Црвениот крст ИНФО претставуваат пример на успешна алатка за информирање на нашите волонтери, партнери, соработници и подржувачи за активностите кои ги реализираме на локално, национално и меѓународно ниво. Е-весникот се издава еднаш неделно и истиот се дистрибуира на околу 75.000 емаил адреси.

Националното друштво исто така изработува промотивни материјали во рамките на издавачката дејност на националното друштво, во вид на брошури, флаери, постери, прирачници, доплатни марки и друг вид на изданија. Во соработка со Македонска пошта Црвениот крст промовира поштенски марки со содржини поврзани со традиционалниот календар на Црвен крст на РМ.



# ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РМ И ПАРТНЕРСКАТА СОРАБОТКА СО КОРПОРАТИВНИОТ СЕКТОР

Суштински предуслов за успешно функционирање на организацијата е ефикасно мобилизирање на фондови за имплементирање на активности на Црвениот крст. Мобилизирањето средства за хуманитарни цели се базира врз неколку основни вредности со цел да се постигнат посакуваните резултати со што ќе се помогне на ранливото население на ефикасен и ефективен начин со поддршка на пошироката заедница.

Обезбедувањето на поддршка од корпоративниот сектор е еден од клучните сегменти за успешно имплементирање на општествени иницијативи во интерес на различни целни групи. Во таа насока важно е воспоставување на долгорочни стратешки партнерства со моќни компании кои можат да дадат заеднички придонес во намалување на ранливоста на населението. Покрај корпоративната партнерска соработка и поддршка, Црвениот крст на РМ дава особено значење и на изработка на проекти за аплицирање во ЕУ предпристапните фондови, како еден од значајните можни извори за поддршка на имплементација на активностите на Црвениот крст.



**Зајакнување и воспоставување на партнерска соработка со корпоративен сектор.** Црвениот крст на РМ во своето дејствување остварува плодна соработка и партнерство со повеќе компании во земјата на национално и локално ниво кои како општествено одговорни компании покажуваат интерес и подготвеност за заедничка соработка и поддршка во спроведување на хуманитарните активности на Црвениот крст. Во текот на 2015 година ќе се организираат средби и ќе се оствари континуирана соработка со компаниите за поддршка во имплементација на заеднички иницијативи, проектни и програмски активности.

**Соработка со стопанските комори.** Соработката со стопанските комори во Македонија Црвениот крст на РМ и во наредниот период ќе продолжи да ја остварува и развива соработката со Стопанската комора на РМ, Сојузот на стопанските комори на РМ, Стопанската комора на северозападна Македонија, како и со Американската стопанска комора со цел да се имплементираат заеднички иницијативи дефинирани во потпишаните меморандуми за соработка во насока на промовирање на корпоративната општествена одговорност на компаниите за нивна поддршка во реализација на програми наменети за ранливи целни групи население.

**Партнерски состанок.** Црвениот крст на РМ во 2015 година ќе го организира 7-от партнерски состанок со претставници на владини институции, меѓународни агенции и организации и корпоративниот сектор. Целта на состанокот е да се поттикне соработката помеѓу Црвениот крст и партнерските организации, да се воспостават одржливи партнерства и да се обезбеди проектна поддршка за општествено социјални програми за подобрување на квалитетот на животот на ранливите категории во заедниците. За оваа цел ќе се подготви нов каталог на проекти за 2015 година кој Црвениот крст на РМ ќе го понуди на своите партнери за нивна поддршка и вклученост во имплементација на проектните содржини.

**Јакнење на капацитетите на националното друштво за мобилизирање на фондови.** Во текот на годината во рамките на плановите на организацијата за развој на капацитетите на националното друштво ќе се организираат обуки за волонтери и вработени во општинските организации на Црвениот крст за развој на вештините и знаењата за мобилизирање на фондови.

**Кампањи за мобилизирање на ресурси.** Во рамките на проектот грижа на стари лица во заедницата, финансиран од Европска Унија, во партнерство со Австриски црвен крст кој се имплементира преку општинските организации на Црвен крст Прилеп, Кичево и Гостивар, во 2015 година ќе се организираат кампањи за мобилизирање на ресурси на локално ниво во соработка со единаесет граѓански здруженија. Целта е да се обезбеди партнерска соработка и поддршка од локалните институции, како и корпоративниот сектор за одржлив развој на социјалните програми за грижа и помош на старите лица.

Во соработка со компании во земјата Црвениот крст ќе организира заеднички кампањи за обезбедување средства преку продажба на нивни производи со издвојување на одреден износ од вредноста на производот. Средствата ќе бидат наменети за поддршка на проектни и програмски активности на Црвениот крст.

**Доделување признанија на Црвениот крст за партнерска соработка и поддршка.** Црвениот крст на РМ во знак на благодарност за соработката и поддршката во остварувањето на хуманитарните цели на Црвениот крст во 2015 година на свои партнери од корпоративниот сектор ќе додели соодветни признанија, кои компании го практикуваат општественото одговорно работење како составен дел од деловната политика. Интенција на Црвениот крст е овие признанија да ги добијат што поголем број компании кои ќе бидат дел од големото семејство на поддржувачи на хуманата мисија на Црвениот крст.



# КАЛЕНДАР НА АКТИВНОСТИ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**21-28 февруари** Недела на борба против срцевосадови заболувања
**1-8 март** Недела на борба против ракот
**17 март** Ден на основањето на Црвен крст на Р.Македонија и Ден на крводарителството на РМ
**24 март** Светски ден на борба против ТБЦ
**8-15 април** Недела на хигиенизација
**Трета недела во април** Недела на Солидарноста
**8 мај** Светски ден на Црвен крст и Црвена Црвена полумесечина
**8-15 мај** Недела на Црвен крст на Р.Македонија
**21 мај** Ден на осамосојувањето на Црвен крст на Р.Македонија
**14 јуни** Светски ден на крводарителството
**26 јули** Ден на Солидарноста
**Втора сабота во септември** Светски ден на првата помош
**14-21 септември** Недела на борба против ТБЦ
**21-27 септември** Неделата на промоција на хумани вредности
**1 октомври** Меѓународен ден на стари лица
**1-7 октомври** Недела на Млади на Црвениот крст
**10-16 октомври** Недела на борба против шеќерна болест
**16 октомври** Ден на гладта
**18 октомври** Меѓународен ден за борба против трговија со луѓе
**1-30 ноември** Месец на борба против болести на зависност
**Трета недела во ноември** Недела на грижа за стари лица
**1-7 декември** Недела на борба против ХИВ/СИДА
**2-9 декември** Недела на борба против трговија со луѓе
**5 декември** Светски ден на волонтеризмот
**15-21 декември** Недела на забоздравствена заштита



# БУЏЕТ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2015 ГОДИНА

Црвениот крст на Република Македонија годишните приоди и расходи, јасно ги прикажува во буџетот, кој овозможува конструирање на моделот на финансирање на организацијата и покажува можност за спроведување на одредена стратегија, настан и план. Вкупниот Буџет за 2015 година е зголемен за 11,28 % во однос на Буџетот од минатата година. Зголемувањето се должи на зголемување на приходите од проекти обезбедени со активности за мобилизирање на фондови. Од вкупните приходи, планираните сопствени приходи оваа година учествуваат со 35,08% и процентуално се намалено во однос на минатата година, додека во номинален износ се приближно исти а приходите од органи и донатори учествуваат со 64,92% и бележат тренд на пораст во однос на минатата година кога истите учествуваа со 59,23 %.Во делот на расходите, капиталните расходи учествуваат со помалку од 1 %, а тековните расходи изнесуваат 99,46% од вкупните расходи. И оваа година политиката на организацијата е насочена кон развојот на општинските организации на Црвен крст за што се предвидуваат одредени средства за поддршка за развој и тековното работење на ООЦК кои претходно ќе бидат избрани врз основа на одредени критериуми. Од вкупните расходи во Буџетот за 2015 година 31,33% се однесуваат на трошоци за централата на ЦКРМ, додека 68,67% од вкупниот Буџет се наменети за општинските организации на ЦК. Исто така важно е да се напомене дека од вкупните трошоци на централата, 37,69% се директни трансфери во ООЦК за реализација на програмските активности и во вкупен износ бележат пораст во однос на минатата година како резултат на зголемени проектни активности обезбедени од странски и домашни донатори. Како трошок на централата на ЦКРМ се опфатени трошоците за плата на вработените, материјалните трошоци, како и трошоците за тековно одржување. Во делот на трошоци наменети за ООЦК опфатени се трошоци за проекти обезбедени од донатори или за програми обезбедени од институции. Црвениот крст на Република Македонија преку следење на модерните токви за осовременување и усовршување на материјално - финансиско работење, овозможува транспарнтност и отчетност во работењето, автоматска обработка на податоците, брз проток на информации и финансиски показатели, точна и сеопфатна база на финансиски податоци и зголемување на капацитетите на националнотот друштво во целост. Буџетот на ЦКРМ е реален, сеопфатен, структуиран, прецизен и избалансиран а планираните средства во Буџетот за 2015 година, ЦКРМ ќе ги користи наменски, рационално и економично , со потполна транспарентност и отчетност.



# БУЏЕТ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2015 ГОДИНА

| | | % | 2015 | 2014 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупни приходи | | 100.00 | 48,243,971.00 | 43,353,105.00 | 48,296,830.00 |
| | Сопствени извори | 35.08 | 16,924,700.00 | 17,655,100.00 | 14,851,500.00 |
| | Од органи и донатори | 64.92 | 31,319,271.00 | 25,698,005.00 | 33,445,330.00 |
| Вкупни расходи | | 100.00 | 48,243,971.00 | 43,353,105.00 | 48,296,830.00 |
| | Тековни расходи | 99.46 | 47,983,971.00 | 42,843,105.00 | 47,996,830.00 |
| | Капитални расходи | 0.54 | 260,000.00 | 510,000.00 | 300,000.00 |
| Разлика | | 100.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |

## П Р И Х О Д И

| ОПИС | Сопствени извори на приходи | Приходи од органи / донатори | Буџет 2015 | Буџет 2014 | Буџет 2013 |
|---|---|---|---|---|---|
| ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ | | | | | |
| Министерство за Финансии ( Од Буџетот на РМ - средства за програмски активности) | 6,000,000.00 | | 6,000,000.00 | 6,000,000.00 | 6,200,000.00 |
| Крводарителство ( Министерство за Здравство) | | 6,763,000.00 | 6,763,000.00 | 6,763,000.00 | 7,000,000.00 |
| Социјално - хуманитарна дејност | 300,000.00 | | 300,000.00 | 300,000.00 | 2,300,000.00 |
| Организација и развој | | | 0.00 | 0.00 | 3,100,000.00 |
| Прва помош | 2,350,000.00 | | 2,350,000.00 | 3,000,000.00 | 2,350,000.00 |
| Здравствено воспитание | | 5,766,271.00 | 5,766,271.00 | 5,735,005.00 | 10,301,062.00 |
| Младина | 420,000.00 | | 420,000.00 | 420,000.00 | 250,000.00 |
| Катастрофи | | 590,000.00 | 590,000.00 | 300,000.00 | 719,568.00 |
| Дисеминација | | | 0.00 | 0.00 | 123,000.00 |
| ЦК во акција - ПХВ | | 200,000.00 | 200,000.00 | 0.00 | 0.00 |
| Информирање и комуникација | | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Служба барање | | | 0.00 | 0.00 | 61,700.00 |
| Меѓународна соработка | | 300,000.00 | 300,000.00 | 200,000.00 | 0.00 |
| Мобилизирање на фондови | | 7,500,000.00 | 7,500,000.00 | 2,500,000.00 | 500,000.00 |
| Прослава одбележување 70 години Црвен крст на РМ | | 400,000.00 | 400,000.00 | 0.00 | 0.00 |
| НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ | | | | | |
| Од ООЦК ( по основ на котизација ) | 1,500,000.00 | | 1,500,000.00 | 1,500,000.00 | 1,500,000.00 |
| Донација од физички лица | 200,000.00 | | 200,000.00 | 200,000.00 | 300,000.00 |
| Донација од правни лица | 500,000.00 | | 500,000.00 | 500,000.00 | 500,000.00 |
| Доплата марки ( од законот на ЦК ) | 300,000.00 | | 300,000.00 | 300,000.00 | 300,000.00 |
| Од закупнинана деловен простор | 2,324,700.00 | | 2,324,700.00 | 2,472,300.00 | 1,291,500.00 |
| Од регистрација возила | 980,000.00 | 9,800,000.00 | 10,780,000.00 | 11,220,000.00 | 10,500,000.00 |
| Од курсеви за спасители на вода | 50,000.00 | | 50,000.00 | 442,800.00 | 0.00 |
| Пренесени средства од минатата година | 2,000,000.00 | | 2,000,000.00 | 1,500,000.00 | 1,000,000.00 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **16,924,700.00** | **31,319,271.00** | **48,243,971.00** | **43,353,105.00** | **48,296,830.00** |

| Р А С Х О Д И | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ОПИС | Од сопствени извори | Од органи и донатори | Буџет 2015 | Буџет 2014 | Буџет 2013 |
| ТЕКОВНИ РАСХОДИ | | | | | |
| ОСНОВНИ ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ | | | | | |
| Бруто плата на вработени | 8,955,843.00 | 1,351,766.00 | 10,307,609.00 | 6,702,607.00 | 6,240,000.00 |
| Надомест за годишен одмор | 0.00 | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Други надоместоци | 50,000.00 | | 50,000.00 | 50,000.00 | 50,000.00 |
| ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТИ И ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК | | | | | |
| Персонален данок од надоместоци (дневници, јубилејни награди) | 50,000.00 | | 50,000.00 | 50,000.00 | 50,000.00 |
| ВКУПНО РАСХОДИ ЗА ПЛАТИ | 9,055,843.00 | 1,351,766.00 | 10,407,609.00 | 6,802,607.00 | 6,340,000.00 |
| ПАТНИ И ДНЕВНИ РАСХОДИ | | | | | |
| Патување во странство | 100,000.00 | | 100,000.00 | 100,000.00 | 100,000.00 |
| КОМУНАЛНИ УСЛУГИ | | | | | |
| Електрична енергија | 875,000.00 | | 875,000.00 | 875,000.00 | 910,268.00 |
| Водовод и канализација | 50,000.00 | | 50,000.00 | 45,000.00 | 60,000.00 |
| Ѓубретарина | 55,000.00 | | 55,000.00 | 55,000.00 | 25,000.00 |
| ЗАТОПЛУВАЊЕ | | | | | |
| Централно греење | 650,000.00 | | 650,000.00 | 650,000.00 | 650,000.00 |
| КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПОРТ | | | | | |
| Пошта | 50,000.00 | | 50,000.00 | 45,000.00 | 60,000.00 |
| Телефон и телефакс | 500,000.00 | 141,618.00 | 641,618.00 | 500,000.00 | 530,240.00 |
| Дневници во земјата и во странство | 100,000.00 | 9,500.00 | 109,500.00 | 100,000.00 | 47,559.00 |
| Гориво | 650,000.00 | 337,526.00 | 987,526.00 | 710,242.00 | 804,536.00 |
| Трошоци за регистрација возила | 170,000.00 | | 170,000.00 | 150,000.00 | 200,000.00 |
| Други расходи за транспорт(патарина,миење коли, лепење гуми) | 50,000.00 | | 50,000.00 | 50,000.00 | 50,000.00 |
| МАТЕРИЈАЛИ | | | | | |
| Канцелариски материјал | 175,000.00 | 300,000.00 | 475,000.00 | 460,000.00 | 300,000.00 |
| Претплата за списанија и стручна литература | 41,000.00 | | 41,000.00 | 41,000.00 | 61,000.00 |
| Ленти, касети и друго за АОП | 50,000.00 | | 50,000.00 | 50,000.00 | 20,000.00 |
| Копирање,печатење и издавање материјали | 630,000.00 | 1,226,162.00 | 1,856,162.00 | 1,752,162.00 | 2,484,580.00 |
| Организација и развој | | | 0.00 | 0.00 | 44,500.00 |
| Информирање и комуникација | | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Дисеминација | | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Здравствено - воспитна дејност | | 39,162.00 | 39,162.00 | 39,162.00 | 0.00 |
| Прва помош | 310,000.00 | | 310,000.00 | 400,000.00 | 270,000.00 |
| Меѓународно | | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Крводарителство | | 963,000.00 | 963,000.00 | 963,000.00 | 1,500,000.00 |
| Социјално - хуманитарна дејност | 300,000.00 | | 300,000.00 | 300,000.00 | 250,000.00 |
| Служба барање | | | 0.00 | 30,000.00 | 0.00 |
| Мобилизирање на фондови | | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Едукативен тренинг центар | | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Катастрофи | 20,000.00 | 224,000.00 | 244,000.00 | 20,000.00 | 420,080.00 |
| Млади | | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Пијалоци, прехрамбени продукти средства за хигиена | 180,000.00 | 85,428.00 | 265,428.00 | 186,714.00 | 60,000.00 |
| Материјали за противпожарна заштита | 20,000.00 | | 20,000.00 | 20,000.00 | 20,000.00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Материјали со специјална намена (медицински материјали, електро материјали) | 200,000.00 | 586,276.00 | 786,276.00 | 624,276.00 | 853,207.00 |
| Други материјали | 200,000.00 | 330,426.00 | 530,426.00 | 200,000.00 | 100,000.00 |
| ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ | | | | | |
| Поправка и одржување коли | 200,000.00 | | 200,000.00 | 200,000.00 | 200,000.00 |
| Трошоци за одржување опрема | 100,000.00 | | 100,000.00 | 100,000.00 | 100,000.00 |
| Трошоци за одржување зграда | 100,000.00 | | 100,000.00 | 100,000.00 | 100,000.00 |
| Одржување на софтвер и хардвер | 408,000.00 | | 408,000.00 | 408,000.00 | 288,000.00 |
| ДОГОВОРНИ УСЛУГИ | | | | | |
| Адвокатски услуги | 150,000.00 | | 150,000.00 | 150,000.00 | 150,000.00 |
| Семинари и состаноци | 2,440,000.00 | 2,165,331.00 | 4,605,331.00 | 3,015,583.00 | 3,994,904.00 |
| Организација и развој | | | 0.00 | 0.00 | 940,000.00 |
| Информирање и комуникација | 130,000.00 | | 130,000.00 | 130,000.00 | 120,000.00 |
| Дисеминација | 220,000.00 | | 220,000.00 | 50,000.00 | 123,000.00 |
| ЦКА - ПХВ | 150,000.00 | 200,000.00 | 350,000.00 | 0.00 | 0.00 |
| Здравствено - воспитна дејност | 50,000.00 | 217,331.00 | 267,331.00 | 215,583.00 | 792,564.00 |
| Прва помош | 110,000.00 | | 110,000.00 | 480,000.00 | 395,000.00 |
| Крводарителство | 120,000.00 | 300,000.00 | 420,000.00 | 420,000.00 | 0.00 |
| Социјално - хуманитарна дејност | 50,000.00 | 700,000.00 | 750,000.00 | 50,000.00 | 300,000.00 |
| Служба барање | 50,000.00 | | 50,000.00 | 10,000.00 | 61,700.00 |
| Мобилизирање на фондови | 10,000.00 | 300,000.00 | 310,000.00 | 310,000.00 | 0.00 |
| Млади | 20,000.00 | | 20,000.00 | 20,000.00 | 10,000.00 |
| Катастрофи | 100,000.00 | 48,000.00 | 148,000.00 | 350,000.00 | 252,640.00 |
| Единица за одговор при катастрофи (обука и активност) | | | 0.00 | 0.00 | 100,000.00 |
| Прослава одбележување 70 години Црвен крст на РМ | 200,000.00 | 400,000.00 | 600,000.00 | 0.00 | 0.00 |
| Седница на Извршен Одбор | 110,000.00 | | 110,000.00 | 110,000.00 | 100,000.00 |
| Собрание на ЦКРМ | 100,000.00 | | 100,000.00 | 100,000.00 | 100,000.00 |
| Состанок со секретарите / претседатели | 100,000.00 | | 100,000.00 | 100,000.00 | 100,000.00 |
| ФАЦЕ / Државен натпревар по прва помош | 400,000.00 | | 400,000.00 | 150,000.00 | 250,000.00 |
| Совет на млади/ Координативно тело | 100,000.00 | | 100,000.00 | 100,000.00 | 100,000.00 |
| Младински камп / Европски координативен состанок | 420,000.00 | | 420,000.00 | 420,000.00 | 250,000.00 |
| Банкарска провизија | 80,000.00 | | 80,000.00 | 80,000.00 | 50,000.00 |
| Осигурување на имот и обезбедување на обијекти | 25,000.00 | | 25,000.00 | 25,000.00 | 25,000.00 |
| Други финансиски услуги ( договори за повремени и привремено ангазирање) | 69,012.00 | 2,558,064.00 | 2,627,076.00 | 5,786,077.00 | 8,780,061.00 |
| Други договорени услуги (царина,работници за пакување хум.помош),судки решенија | 150,000.00 | 110,142.00 | 260,142.00 | 150,000.00 | 132,778.00 |
| Надворешна ревизија | 100,000.00 | | 100,000.00 | 100,000.00 | 120,000.00 |
| Членарина во меѓународни организации | 150,000.00 | | 150,000.00 | 150,000.00 | 150,000.00 |
| ДРУГИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ | | | | | |
| Обезбедување на фондови | 200,000.00 | | 200,000.00 | 200,000.00 | 0.00 |
| Трошоци за меѓународна соработка | 200,000.00 | | 200,000.00 | 200,000.00 | 0.00 |
| ТРАНСФЕРИ ДО НЕПРОФИТНИ ОРГАНИЗАЦИИ | | | | | |
| Трансфери до ООЦК | | 20,607,877.00 | 20,607,877.00 | 18,761,444.00 | 20,229,697.00 |
| Фонд за развој | | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ВКУПНО ТЕКОВНИ РАСХОДИ | 18,173,855.00 | 29,810,116.00 | 47,983,971.00 | 42,843,105.00 | 47,996,830.00 |
| КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | | | | |
| КУПУВАЊЕ НА МЕБЕЛ И КАНЦЕЛАРИСКА ОПРЕМА | | | | | |
| Купување канцелариски мебел | 0.00 | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Купување на опрема (ЦКРМ и ЕОК) И софтвер, медицински опрема | 60,000.00 | | 60,000.00 | 60,000.00 | 0.00 |
| КУПУВАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА | | | | | |
| Купување автомобил | 0.00 | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| ОСНОВНО И СПЕЦИЈАЛНО ОДРЖУВАЊЕ | | | | | |
| Капитални инвестиции во ООЦК | | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Подршка за развој на ООЦК | | | 0.00 | 250,000.00 | 250,000.00 |
| Реконструкција и реновирање на градежни објекти | 200,000.00 | | 200,000.00 | 200,000.00 | 50,000.00 |
| ВКУПНО КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 260,000.00 | 0.00 | 260,000.00 | 510,000.00 | 300,000.00 |
| ВКУПНО РАСХОДИ | 18,433,855.00 | 29,810,116.00 | 48,243,971.00 | 43,353,105.00 | 48,296,830.00 |

| | | % |
|---|---|---|
| Тошоци за Централата на ЦКРМ | 15,113,855.00 | 31.33 |
| Трошоци за ООЦК | 33,130,116.00 | 68.67 |
| ВКУПНО | 48,243,971.00 | 100 |

Финансиска Служба — Генерален Секретар

Жаклина Поповиќ — д-р Саит Саити














www.redcross.org.mk

www.facebook.com/CrvenKrstNaRepublikaMakedonija

www.youtube.com/MacedonianRedCross